Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ-ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје
Примено: 18.10.2017

| Орг.един. | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 0304 | 42 | / | / |

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
ISO 14001 SGS

Бр. 49-6022/3
Скопје 17.10.2017 год

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија
Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022

ДО
Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ – ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје
- Андреј Сених, извршен директор

ул.„Васко Карајанов" бр.2/4,
1000 Скопје

**Предмет:** Одговор на барање
**Врска:** Ваше барање бр.0302-37/17 од 15.9.2017 година

Почитувани,

До Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија доставивте барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое ја побаравте следната информација:

„Копија од Информацијата за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија во рамките на буџетот на Министерството за здравство и усвоените заклучоци поврзани со оваа Информација, разгледана на Дваесет и шестата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 5.9.2017 година".

Во однос на предметното барање, Генералниот секретаријат го разгледа и во однос на истото постапи согласно член 24 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15 и 55/16), односно во прилог на дописот ви ги доставуваме бараните податоци.

Прилог: Фотокопија од документација поврзана со барањето.

Со почит,

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Д-р Драги Рашковски**

Архивски знак: 0302-42/17
Рок на чување
18.10. 20 г.
Потпис

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
Бр. 09-4492/1
25-07-2017 .2017 год.
Скопје

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 26.7.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 44 | 4040/1 | | |

**Министерство за здравство**

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Име на материјалот:** Информација за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија во рамките на буџетот на Министерството за здравство

**Усогласеност со Програмата на Владата** - согласно Програмата на Владата на Република Македонија

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:**
(ДА) **ДЕЛУМНО** **НЕ**

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:**
На првата наредна седница

**Доверливост на материјалот:** не е од доверлива природа

**Итност на материјалот: ИТНО**

**Прилог:** - фискален образец

**Дата на доставување на материјалот:** 25-07-2017
________________ **2017 година**

**ПОТПИС:**
**( на министерот)**
**Dr. Arben Taravari**

Република Македонија Министерство за здравство Скопје

Изготвил: Лидија Киранџиска, Нермина Факовиќ
Раководител на сектор: Прим. Д-р Зоран Стојановски
Кабинет на министер:

**Република Македонија**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

***М Е М О Р А Н Д У М***

**НАСЛОВ:** Информација за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија во рамките на буџетот на Министерството за здравство

**ПОТПИС:** ______________________

( на министерот, државниот секретар или друго овластено лице)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО -**- СКОПЈЕ

**Скопје, 2017**

( дата на поднесување на материјалот во Генералниот секретаријат)

Изготвил: Лидија Киранџиска, Нермина Факовиќ
Раководител на сектор: Прим. Д-р Зоран Стојановски
Кабинет на министер:

**1.Осврт по материјалот:**
Информацијата за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија во рамките на буџетот на Министерството за здравство содржи краток осврт на националниот одговор на ХИВ досега и аргументи за одржливост и обезбедување соодветни финансиски средства.
**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):**
Информација за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија во рамките на буџетот на Министерството за здравство ќе овозможи континуитет во одржувањето ниска преваленца на ХИВ во Република Македонија и постигнување на Целите за одржлив развој во делот на ставање крај на епидемијата на ХИВ како јавно здравствен проблем.
**3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации:**
Информацијата за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија во рамките на буџетот на Министерството за здравство е донесена врз основа на мислења и консултации со соодветни здравствени институции, Институтот за јавно здравје на Република Македонија, Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје, Национална Комисијата за ХИВ/СИДА и граѓанскиот сектор.
**4. Решение кое се препорачува (со образложение):**
Да се усвои Информацијата за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија во рамките на буџетот на Министерството за здравство заедно со предлог заклучоците, со цел одржување на контрола на епидемијата.
**5. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**
Информацијата за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија во рамките на буџетот на Министерството за здравство нема фискални импликации за 2017 година, а истите ќе се рефлектираат во 2018 година и последователно до 2021 година.
**6. Очекувани влијанија:**
Информацијата за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија во рамките на буџетот на Министерството за здравство ќе допринесе за соодветен опфат на клучните популации засегнати од ХИВ, продолжување на партнерството помеѓу Министерството за здравство, другите здравствени институции и граѓанскиот сектор што ќе доведе до целосна контрола на епидемијата во согласност со Целите за одржлив развој.
**7. Усогласеност со европското законодавство (кои директиви на ЕУ се транспонираат во нашето законодавство):**
**8. Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**
**9. Клучни елементи за информирање на јавноста:**
Со донесување на Информацијата од страна на Владата на Република Македонија, истата ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија", и со нејзината содржина ќе бидат запознаени сите релевантни здравствени служби и населението, и ќе биде ставена на веб-страницата на Министерството за здравство на Република Македонија.

**ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ**

| | |
|---|---|
| 1.Назив на предлогот: Информацијата за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија во рамките на буџетот на Министерството за здравство | 2. Министерство/орган на државна управа: Министерство за здравство |
| 3. Цел на предметот: Усвојување на Информацијата | 4. Вид на предлогот: Информацијата за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија во рамките на буџетот на Министерството за здравство |
| 5. Контакт лице и звање: Dr. Arben Taravari, Министер за здравство | 6. Контакт тел./факс или е-пошта: 02/ 3 126 206 |

7. Активност: Информацијата за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија во рамките на буџетот на Министерството за здравство

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8. Вид на барање: | ()Регулатива во врска со ЕУ<br>(X) Друга нова регулатива | () Нова програма<br>() Зголемување/намалување на постоечка програма | () Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>() Спојување на две или повеќе програми |

9. Цел на барањето/предложената активност: Усвојување на информација

10. Врска со владината програма:
Надвор од програмата за работа на Владата

| 11. Фискални импликации: | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Тековна год. | Втора год. | Трета год. | Четврта год. |
| A. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | 103.000.000,00 | / | / |
| B. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | 103.000.000,00 | / | / |
| C. Промена (разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | 103.000.000,00 | / | / |
| D. Расположиви средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати | / | / | / | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Е. Нето импликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | / | / | / | / |
| F. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор ___________________________ | | | | |
| 12. Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | / | / | / | / |
| 13. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г) | | | | |
| 14. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение | | | | |
| 15. Дата на завршување на проценката | | | | |
| 16. Дата на поднесување на анализите до Министерството за финансии за добивање мислење: | | | | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии: | | | | |
| 18. Измени побарани од Министерството за финансии: | | | | |
| 19. Одговор на министерството-предлагач: | | | | |
| 20. Одговор на Министерството за финансии: | | | | |
| 21. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог: | да | | | |
| 20. Одобрено/Дата: | | | | |
| Потпис на државен секретар или директор на орган | ____/_____/2017<br>Ден/месец/год. | Потпис на Министерот | ____/_____/2017<br>Ден/месец/год. | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

*Изготвил: Лидија Киранџиска, Нермина Факовиќ*
*Одобрил: Прим.д-р Зоран Стојановски*

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

# Информација за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија во рамките на буџетот на Министерството за здравство

Скопје, 2017 година

**Информација за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија во рамките на буџетот на Министерството за здравство**

Република Македонија е земја со ниска преваленца на ХИВ, при што епидемијата не е генерализирана помеѓу општата популација, туку е сконцентрирана во одредени клучни популации кои се особено засегнати од ХИВ: мажи коишто имаат секс со мажи, сексуални работници и лица што инјектираат дрога. Ова е потврдено со биобихејвиоралните студии што ги спроведоа Министерството за здравство и Институтот за јавно здравје помеѓу 2009 и 2014 година, како и анализата на експертски тим од Светската банка и Министерството за здравство од 2015 година[1].

Преваленцата на ХИВ е највисока кај мажите што имаат секс со мажи (1,9% во 2014 година); во оваа група во последните неколку години се бележи растечки тренд на бројот на новооткриени случаи, што укажува на потребата од зголемен фокус на мерките за превенција.

Од особен интерес за превенција на вирусот и контрола на епидемијата се и лицата во затворите, како и лицата кај кои веќе е дијагностицирана ХИВ инфекцијата (лица што живеат со ХИВ).

Во периодот од 1987 до јуни 2017 година вкупниот број на регистрирани случаи на ХИВ-инфекција изнесува 338, додека бројот на лица починати од заболувања поврзани со СИДА е 83. Најголем дел од инфекциите се случиле преку незаштитен сексуален однос. Во овој момент на ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби со антиретровирусна терапија се лекуваат 190 пациенти.

Антиретровирусната терапија овозможува континуирана контрола на инфекцијата, добра состојба на имунитетот и добра општа здравствена состојба кај пациентите, како и очекуван животен век приближно еднаков како и кај општата популација. Дополнително антиретровирусната терапија претставува ефективна превенција, бидејќи лицата што редовно ја примаат постигнуваат т.н. недетектабилно ниво на вирус при коешто инфекцијата не може да се пренесе по сексуален пат.

Република Македонија има успешна национална програма за ХИВ која во изминатите 13 години придонесе за одржување на ниската преваленца на инфекцијата, дури и кај клучните популации што се најмногу засегнати од ХИВ. Националната програма за ХИВ се темели на партнерска соработка помеѓу Министерството за здравство, здравствени институции како Институтот за јавно здравје и Центрите за јавно здравје, Универзитетската клиника за инфективни болести и фебрилни состојби и граѓанскиот сектор. Преку оваа програма се обезбедува и антиретровирусната терапија и тестови за следење на ХИВ-инфекцијата.

Во рамките на националната програма за ХИВ во изминатите 10 години се вклучени 15 граѓански организации кои делуваат во 14 града ширум земјата, како

---

[1] The World Bank. 2015. Optimizing Investments in the Former Yugoslav Republic of Macedonia's HIV Response Washington DC: World Bank.

дел од изградената инфраструктура на стационарни и теренски сервиси и обучени човечки ресурси за раководење и нудење на директни сервиси за превенција и поддршка за ХИВ помеѓу припадниците на клучните популации засегнати од ХИВ.

Улогата токму на граѓанскиот сектор е од клучно значење, поради нивната директна комуникација со овие популации и можноста да опфатат голем број нивни припадници со специфични услуги за превенција на ХИВ. Поради високата стигма во општеството, припадниците на овие популации, кои се клучни за контролата на епидемијата, во огромна мера остануваат скриени и недостапни за јавно-здравствениот систем.

Програмите за превенција на ХИВ за клучните популации се состојат во теренски и стационарни сервиси кои вклучуваат:

- бесплатно и доверливо ХИВ-тестирање за брз скрининг,
- дистрибуција на кондоми и лубриканти,
- дистрибуција на стерилни игли и шприцеви за намалување на штетата од употреба на дрога со инјектирање,
- едукација за заштита од ХИВ и други крвни и сексуално преносливи инфекции,
- поврзување со системот на здравствена заштита,
- услуги за дијагностика и третман на сексуално преносливи инфекции,
- психосоцијална и врсничка поддршка и поврзување со системот на социјална заштита,
- дистрибуција на едукативни материјали.

Граѓанските организации годишно опфаќаат над 15 илјади припадници на клучните популации со повеќе од 200 илјади бесплатни услуги за превенција на ХИВ. На овие програми се ангажирани 160 лица во обезбедувањето на директни услуги за превенција и поддршка, како и 45 волонтери.

Во рамките на Целите за одржлив развој, Република Македонија се обврза да стави крај на епидемијата на ХИВ како јавно-здравствен проблем до 2030 година, додека со политичката декларација за ХИВ и СИДА на Генералното собрание на Обединетите нации, Република Македонија исто така се обврза до 2020 година да ја постигне целта 90-90-90, односно, 90% од проценетиот број на лица што живеат со ХИВ да го знаат својот статус; 90% од нив да бидат ставени на антиретровирусна терапија, додека 90% од оние што ја примаат терапијата да имаат постигнато недетектабилно ниво на вирус во крвта.

Според проценките на експертскиот тим на Светската банка и Министерството за здравство, во моментот само околу 50% од лицата што живеат со ХИВ се дијагностицирани, односно околу половина од нив не се свесни за својот ХИВ статус. Токму затоа главна цел на националната програма за ХИВ е припадниците на клучните популации да бидат опфатени со програмите за превенција и ХИВ-тестирање, лицата кои се инфицирани да бидат детектирани и поврзани со системот на здравствената заштита во врска со ХИВ-инфекцијата и да пристапат кон лекување и терапија. На тој начин ќе се унапреди нивното здравје и ќе се спречи натамошно пренесување на инфекцијата. Во исто време, се избегнуваат трошоци за долги хоспитализации и за лекување на компликации поврзани со СИДА, како и смртен исход поради ненавремена дијагноза. Анализата

на експертскиот тим од Светската банка и Министерството за здравство во 2015 година покажа дека со одржување на програмите за превенција и оптимална алокација на средствата со фокус на клучните популации изложени на најголем ризик, до 2030 година би се избегнале повеќе од 860 нови инфекции и 290 смртни случаи.

Во изминатите 13 години, националната програма за ХИВ се финансираше со средства издвоени во буџетот на Министерството за здравство, како и со грант од Глобалниот фонд за борба против СИДА, туберкулоза и маларија. Обезбедувањето на антиретровирусна терапија беше преземено од страна на Министерството за здравство почнувајќи од 2011 година. Со договорите за грантовите од Глобалниот фонд, Република Македонија се обврза дека ќе ја преземе обврската за целосно финансирање на сопствениот национален одговор на ХИВ и дека ќе ги одржи постоечките сервиси воспоставени со финансиската помош од Глобалниот фонд. Врз основа на статусот на земја со висок среден приход, како и ниско ниво на ХИВ-епидемија, земјата веќе не се квалификува за финансиска поддршка од Глобалниот фонд по 2017 година.

Комисијата за здравство при Собранието на Република Македонија на јавната расправа одржана на 11 декември 2015 година донесе заклучок дека „Владата на Република Македонија и Министерството за здравство како носител на националната програма за ХИВ и долгогодишен примарен примател на донациите за ХИВ на Глобалниот фонд во следната година имаат обврска и одговорност да го спроведат националниот план за транзиција од финансирање со донаторски средства кон финансирање со средства од Буџетот на Република Македонија, како и да воспостават ефективни законски и подзаконски механизми за обезбедување одржливост на веќе воспоставените превентивни програми за ХИВ пред завршувањето на поддршката од Глобалниот фонд, со цел да се одржи ниската стапка на ХИВ во земјата“.

Во текот на 2017 година се трошат преостанати средства од грантот, кои заедно со средствата обезбедени во рамки на националната програма за ХИВ за финансирање на активностите спроведувани од граѓанскиот сектор, се очекува да овозможат одржливост на овие програми до крајот на 2017 година.

**За долгорочна одржливост на овие програми неопходно е да се издвојат соодветни средства во Буџетот на Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА за 2018 и во годините што следат**. Средствата што Министерството ги издвојувало во Програмата за ХИВ биле неоправдано скратени за 2017 година кога изнесуваат 27 милиони денари во споредба со 2016 година кога изнесувале 45 милиони денари, односно наместо да има растечки тренд со оглед на намалувањето на донациската поддршка, таа била скратена.

Вкупниот буџет на целокупната програма помеѓу 2014 и 2016 година изнесувал помеѓу 116 милиони и 150 милиони денари, од коишто средствата обезбедени од донаторот движеле помеѓу 96 милиони и 120 милиони денари на годишно ниво.

**Преглед на реализираните расходи во Програмата за ХИВ 2014-2016 и предвидени расходи за 2017 год.**

| Година | Расходи од основниот буџет и од самофинансирачки активности на Министерството за здравство во ден. | Расходи од донации во ден. | Вкупни расходи во Програмата за ХИВ во ден. |
|---|---|---|---|
| 2014 | 20.312.00 | 96.151.143 | 116.463.143 |
| 2015 | 17.379.548 | 120.841.581 | 138.221.129 |
| 2016 | 35.000.000 | 115.138.064 | 150.138.064 |
| 2017 (предвидено) | 27.000.000 | 56.765.000 | 83.765.000 |

Во моментот е во тек националното стратешко планирање за ХИВ за 2017-2021 година, во чии рамки се направени експертски проценки за неопходниот буџет со оптимизација на трошоците во однос на продолжување на клучните активности. Според проценката за неопходни средства за терапија, за 2018 година ќе бидат потребни 43 милиони денари (43.054.453 ден.). За услугите за превенција помеѓу клучните популации неопходни се 60 милиони денари.

Според тоа, во Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА за 2018 потребно е да се буџетираат 103 милиони денари, (наспроти овогодинешните 27 милиони, колку што се предвидени со ребалансот за 2017 година.)

Проценката за терапијата се темели на досегашното искуство од спроведени јавни набавки за антиретровирусни лекови во услови кога само 6 од неопходни 15 антиретровирусни лекови имаат одобрение за ставање на лекот во промет во Република Македонија. Отсуството на регистрирани лекови ги отежнува проценките на подолг рок и придонесува набавките да бидат исклучително непредвидливи, долготрајни и неизвесни, што носи ризик од недостаток на лекови, а дополнително може да биде компромитирано и здравјето на пациентите, поради отсуството на доволни гаранции за квалитетот на лековите. Поради тоа, неопходни се мерки за подобрување на системот за обезбедување на антирeровирусна терапија, вклучително законски, организациски и буџетски промени.

Стручните проценки во однос на потребите за терапија и прогнозите за движењето на цените на лековите, укажуваат на тоа дека во периодот на новата национална стратегија за ХИВ (2017-2021), успешното спроведување на сите активности од националната програмата за ХИВ ќе доведе до откривање на поголем број недијагностицирани лица со ХИВ-инфекција, поради што ќе се зголемат и потребите за терапија. Сепак, доколку се остварат целите на новата национална стратегија, кои се во согласност и со глобалните цели во однос на ХИВ-епидемијата, се очекува до 2021 состојбата да се стави под контрола, бројот на нови инфекции значително да опадне, а со тоа и потребите за терапија, да се стабилизираат. Оттаму, може да се очекува дека трошоците за лекување во наредните 4 години ќе се зголемуваат, по што се очекува да се стабилизираат и да почнат да опаѓаат поради очекуваното намалување на цените на лековите. Дополнително, постојат можности за стратешки пристап во намалувањето на

цените на овие лекови според светските искуства, за што е потребна поширока консултација со Агенцијата за лекови, Фондот за здравствено осигурување и здруженијата на пациентите.

## ПРЕДЛОГ ЗАКЛУЧОЦИ

1. Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за воспоставување одржливост на националниот одговор на ХИВ во Република Македонија во рамките на буџетот на Министерството за здравство.

2. Се задолжува Министерството за здравство на Република Македонија во консултација со Министерството за финансии во буџетот на Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Република Македонија за 2018 година, да предвиди 103 милиони денари за обезбедување континуирана антиретровирусна терапија за пациентите со ХИВ и одржување на програмите за превенција кај клучните популации засегнати од ХИВ врз основа на експертските проценки.

3. Се задолжува Министерството за здравство до крајот на 2018 година да воспостави функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите од Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Република Македонија наменети за клучните популации засегнати од ХИВ кои ги спроведуваат граѓанските организации.

4. Се задолжува Министерството за здравство, во соработка со Агенцијата за лекови, Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија, ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје и во консултација со здруженијата на пациентите, во рок од 60 дена од денот на усвојувањето на оваа Информација, да свика консултативен состанок и да спроведе координација со цел поттикнување на регистрација на неопходните антиретровирусни лекови во Република Македонија, можно проширување на позитивната листа со овие лекови и изнаоѓање стратегија за да се обезбеди најниска можна цена при набавка на истите.

Архивски знак: 0302-42/17
Рок на чување
18.10. 20 год.
Потпис:
АРХИВСКИ ПРИМЕРОК